## Народна банка на Република Македонија
## Дирекција за статистика

Скопје, 21 јуни 2017 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Македонија: мај 2017 година

– **Паричната маса (монетарниот агрегат М4[1]),** во мај, бележи благо месечно намалување од 0,3%, главно под влијание на намалувањето кај краткорочните депозити и готовите пари во оптек, наспроти растот кај депозитните пари[2] и долгорочните депозити. Од друга страна, на годишно ниво паричната маса оствари раст од 6,4%, како резултат на зголемувањето кај сите нејзини компоненти, со најголем придонес на депозитните пари и долгорочните депозити, по што следуваат краткорочните депозити и готовите пари во оптек.

– Заклучно со мај, **вкупните депозити** трет месец по ред бележат идентичен месечен пад од 0,3%. Месечното намалување во однос на април во целост произлегува од промените кај депозитите на корпоративниот сектор. На годишна основа, стапката на депозитен раст благо забрзува и изнесува 6,4%, при нагорна промена кај двата сектора, поизразена кај секторот домаќинства. Притоа, забрзувањето на годишниот раст во април и мај годинава, делумно е резултат и на ниската споредбена основа.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2015[1)] | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016[1)] | 3.2017 | 4.2017 | 5.2017 | 12.2015[1)] | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016[1)] | 3.2017 | 4.2017 | 5.2017 | 4.2017 | 5.2017 |
| **Парична маса М4** | **331,007** | **330,713** | **322,156** | **329,379** | **351,222** | **344,729** | **344,760** | **343,607** | **6.8** | **6.2** | **2.5** | **4.0** | **6.1** | **4.2** | **5.9** | **6.4** | **0.0** | **-0.3** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 26,300 | 25,726 | 25,957 | 26,356 | 28,193 | 26,802 | 27,753 | 27,472 | 13.3 | 9.0 | 7.5 | 6.2 | 7.2 | 4.2 | 2.0 | 6.4 | 3.6 | -1.0 |
| **Вкупни депозити** | **304,552** | **304,820** | **296,027** | **302,828** | **321,888** | **317,720** | **316,792** | **315,932** | **6.5** | **6.2** | **2.3** | **4.0** | **5.7** | **4.2** | **6.3** | **6.4** | **-0.3** | **-0.3** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 77,034 | 75,742 | 73,011 | 76,062 | 87,377 | 82,420 | 81,627 | 80,745 | 13.0 | 16.0 | 5.6 | 11.3 | 13.4 | 8.8 | 12.0 | 7.9 | -1.0 | -1.1 |
| Домаќинства | 212,056 | 213,661 | 206,118 | 209,734 | 217,394 | 217,554 | 216,865 | 216,932 | 4.1 | 3.1 | 0.2 | 1.2 | 2.5 | 1.8 | 3.4 | 5.5 | -0.3 | 0.0 |
| **Вкупни кредити** | **279,871** | **280,023** | **274,453** | **275,096** | **282,461** | **280,157** | **281,707** | **283,934** | **9.5** | **8.4** | **3.5** | **2.5** | **0.9** | **0.0** | **0.6** | **1.5** | **0.6** | **0.8** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 157,834 | 154,987 | 149,131 | 147,535 | 151,905 | 146,851 | 147,432 | 147,807 | 7.1 | 5.1 | -0.5 | -1.2 | -3.8 | -5.2 | -4.2 | -2.8 | 0.4 | 0.3 |
| Домаќинства | 120,832 | 123,887 | 124,192 | 126,505 | 129,321 | 132,080 | 133,055 | 134,896 | 12.9 | 13.0 | 8.8 | 7.3 | 7.0 | 6.6 | 6.5 | 6.7 | 0.7 | 1.4 |

1) Податоци согласно завршна сметка

Извор: НБРМ.

– **Вкупните кредити,** во мај, оствариja месечен раст од 0,8%, при поизразен месечен раст на кредитирањето на домаќинства. Стапката на годишен кредитен раст во мај изнесува 1,5%, што претставува највисока стапка на годишен раст на кредитите од ноември минатата година наваму. Притоа, годишниот раст главно е детерминиран од зголеменото кредитирање на домаќинствата, наспроти намаленото кредитирање на корпоративниот сектор. Треба да се има предвид дека

[1] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М4 (паричната маса) покрај монетарниот агрегат М2 ги вклучува и долгорочните депозити. За подетално објаснување, види ја Методологијата:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/Metodologija_MS/metodologija_monetarna_statistika_05_2015_mak.pdf

[2] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.

годишните промени на кредитите ги одразуваат и ефектите од одлуката на Народната банка во однос на нефункционалните пласмани, при што без овој ефект вкупниот годишен кредитен раст е стабилен и во мај изнесува 6,4%[3,4].







Извор: НБРМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[5]




Извор: НБРМ.

– Кај вкупните **депозити** на корпоративниот сектор, во мај е забележан месечен пад од 1,1%, речиси во целост заради намалувањето на краткорочните депозити во странска валута. Од друга страна, корпоративните депозити бележат годишен раст

[3] На 17.12.2015 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за управување со кредитниот ризик, според која најдоцна до 30 јуни 2016 година банките имаат обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат да ги пренесуваат) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од две години, односно кај кои пред најмалку две години банката го утврдила и целосно го покрила кредитниот ризик од ненаплата. И покрај преносот на вонбилансна евиденција на овие побарувања, банките го задржуваат правото за нивна наплата.

[4] На 29 август 2017 година е направена корекција кај стапката на кредитниот раст, која поради техничка грешка наместо 6,4%, изнесуваше 7,9%.

[5] За потребите на ова соопштение корпоративниот сектор се однесува на јавните и на останатите нефинансиски друштва.

од 7,9%, со позначителен придонес на денарските депозити (79,6%) во годишната промена.

– Во мај, вкупните **кредити** на корпоративниот сектор оствариja нагорна месечна промена од 0,3%, која во целост се должи на зголемувањето на кредитите одобрени во денари. На годишна основа кредитирањето на фирмите бележи пад од 2,8%, што главно се должи на намаленото кредитирање во девизи, наспроти годишниот раст кај денарското кредитирање. Доколку се исклучи ефектот од преносот на сомнителните и спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со одлуката на Народната банка, кредитите на корпоративниот сектор во мај бележат годишен раст од 3,1%[6].







Извор: НБРМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[7]




Извор: НБРМ.

– Вкупните **депозити на домаќинствата** овој месец бележат минимална промена на месечно ниво од 0,03%, при годишна стапка на раст од 5,5%. Годишниот раст

[6] На 29 август 2017 година е направена корекција кај стапката на кредитниот раст, која поради техничка грешка наместо 3,1%, изнесуваше 5,6%.

[7] За потребите на ова соопштение домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.

кај оваа категорија е распределен помеѓу депозитите во денари и во странска валута, со позначителен придонес во растот на депозитите примени во денари (58,0%).







Извор: НБРМ.

– Во мај, кај вкупните **кредити** на домаќинствата бележиме месечен и годишен раст од 1,4% и 6,7%, соодветно. Притоа, зголемената кредитна активност, и на месечна и на годишна основа, е поизразена кај денарските пласмани. Со исклучување на ефектот од преносот на сомнителните и спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со одлуката на Народната банка, годишниот кредитен раст кај домаќинствата во мај би изнесувал 10,5%[8].




Извор: НБРМ.

[8] На 29 август 2017 година е направена корекција кај стапката на кредитниот раст, која поради техничка грешка наместо 10,5%, изнесуваше 10,7%.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2015[1)] | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016[1)] | 3.2017 | 4.2017 | 5.2017 | 12.2015[1)] | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016[1)] | 3.2017 | 4.2017 | 5.2017 | 4.2017 | 5.2017 |
| Потрошувачки кредити | 57,730 | 59,413 | 62,069 | 63,519 | 65,438 | 67,041 | 67,624 | 68,571 | 18.2 | 18.8 | 17.4 | 14.8 | 13.4 | 12.8 | 12.0 | 12.3 | 0.9 | 1.4 |
| Станбени кредити | 30,287 | 31,259 | 32,404 | 33,123 | 34,608 | 35,448 | 35,823 | 36,330 | 17.9 | 16.8 | 14.9 | 13.8 | 14.3 | 13.4 | 13.3 | 13.8 | 1.1 | 1.4 |
| Автомобилски кредити | 399 | 379 | 348 | 325 | 323 | 309 | 314 | 307 | -41.7 | -36.5 | -31.7 | -27.2 | -19.1 | -18.5 | -15.2 | -13.5 | 1.5 | -2.1 |
| Кредитни картички | 12,348 | 12,237 | 12,344 | 12,469 | 12,380 | 12,294 | 12,288 | 12,284 | -0.5 | 0.0 | 0.4 | 0.4 | 0.3 | 0.5 | 0.4 | 0.1 | -0.1 | 0.0 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,592 | 6,112 | 6,281 | 6,276 | 5,795 | 6,275 | 6,175 | 6,430 | 5.0 | 5.4 | 6.4 | 3.5 | 3.6 | 2.7 | 5.7 | 3.0 | -1.6 | 4.1 |
| Други кредити | 4,273 | 4,317 | 4,498 | 4,556 | 4,585 | 4,560 | 4,629 | 4,615 | 9.4 | 10.0 | 11.1 | 10.4 | 7.3 | 5.6 | 5.8 | 5.3 | 1.5 | -0.3 |

1) Податоци согласно завршна сметка

Извор: НБРМ.

- Анализирано по намена на кредитите одобрени на физичките лица, во мај, кај најзастапените категории – **потрошувачките и станбените кредити,** е забележан идентичен месечен раст од 1,4% соодветно, при годишен раст од 12,3% и 13,8%, соодветно. Кај **автомобилските кредити** бележиме месечен и годишен пад на кредитната активност од 2,1% и 13,5%. Кредитите одобрени на **кредитни картички** во мај не оствариja промена на месечно ниво, додека на годишна основа бележат минимален раст од 0,1%. Натаму, овој месец кај **негативните салда на тековните сметки** е забележано месечно и годишно зголемување од 4,1% и 3,0%. Кај кредитите одобрени врз **други основи** е регистриран месечен пад од 0,3%, додека на годишна основа, тие се зголемени за 5,3%.

*******

## Придружни информации

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци (http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx)

Методолошки појаснувања: (http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/Metodologija_MS/metodologija_monetarna_statistika_05_2015_mak.pdf)

Следни објавувања: Календар на објавување податоци http://www.nbrm.mk/content/statistika/Kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Македонија: 21 јули 2017 година (референтен пресек заклучно со јуни 2017).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).